# ЕЕСТЕК Академија, можност за бесплатни курсеви за личен развој.

*Студентската организација ЕЕСТЕК ЛК Скопје од 15 ноември отпочнува со реализирање на **серија на бесплатни курсеви** кои ќе бидат достапни за ограничен број на студенти на УКИМ.*

Серија на различни модули кои заедно се сплотуваат под името ЕЕСТЕК Академија отпочнуваат да се реализираат на техничкиот кампус на УКИМ. Предавањата на секој од овие курсеви ќе бидат на атрактивни теми, а нивната реализација ќе ја вршат гостински предавачи кои искуствено се поврзани со нив. Идејата за реализација на овој проект е на студентите да се понди моќно комплементарно образование надвор од академската програма, а се со цел да ги прошират своите видици и да постигнат лично надградување и развој.

Темите кои ќе бидат обработени со првата ЕЕСТЕК Акедемија на учесниците на модулите ќе им овозможат стекнување на знаења на теми кои не се опфатени со образовниот систем. Академијата вклучува севкупно 5 засебни модули од кои 2 во овој семестар, а 3 со почетокот на летниот. Првите два модули ќе бидат на темите Brain New Product (Бихевиорална Економија) и Развој на мобилни апликации, додека пак во наредните модули ќе има предавања на неколку од следните тематики: меки вештини; графика, анимација и дизајн; гејмификација; Мајкрософт технологии, роботика и електроника; дигитални медиуми и маркетинг; гејминг. Секој од овие модули  претставува засебна, независна единка и пријавувањето и селекцијата за учество на секој од нив е засебно.

ЕЕСТЕК ЛК Скопје ги очекува студентите кои сакаат да си ги прошират знаењата надвор од програмата од академските студии и за кои личното надградување претставува секојдневна цел!

**ПРИЈАВЕТЕ СЕ ЗА УЧЕСТВО НА ПРВИОТ МОДУЛ!**

**Brain New Product (Бихевиорална економија)**

Зошто паметните луѓе донесуваат ирационални одлуки, секојдневно? Brain new product е уникатна можност студентите да нурнат во светот на бихевиоралната економија. Од 15 Ноември до 6 Декември на Технолошкиот кампус во Скопје ќе се одржат серија на предавања и работилници во која: психолози, невролози, математичари и бихевиорални економисти членови на консултантското друштво BrainHack Group во рамките на EESTEC Academy ќе ви ги презентираат бесплатно последните концепти во бихевиоралната економија.

Овој курс ќе ви помогне да ги сносите правилните одлуки, да дизајнирате производи и продукти кои ќе бидат во склоп со психологијата на вашите корисници. Ќе слушнете што е неуромаркетинг, ќе добиете цел сет на алатки со кои што ќе експериментирате и ќе имате можност да практично се уверите во нивната моќ.

Принципите од курсот се применуваат во било кој аспект на секојдневието: во друштво, во врски, при вработување, дома, на факс и во маалското гранапче.

Основоположник на оваа наука е Даниел Канеман и баш според неговата книга "Thinking Fast and Slow" се дизајнирани предавањата на курсот.

За жал нема да можеме да обезбедиме присуство за сите заинтересирани бидејќи бројот на местата е ограничен па затоа импресионирајте не со одговорите во вашата апликација на

http://bit.ly/ApplyModule1

Аплицирајте сами или во тим до 5 луѓе, со кои што сакате да соработувате. Работилниците се замислени како своевиден натпревар меѓу 7 тимови од по 5 луѓе.

Натпреварот на групите ќе биде објаснет на првиот состанок, а за победниците е обезбеден награден фонд како и можност за практично да ги испробаат своите ново-стекнати знаења на македонскиот пазар.

Звучи примамливо зарем не?

Не случајно вакви курсеви вредат многу. BrainHack Group се појавува за прв пат на македонскиот пазар и сака да ја искористи оваа можност за своја промоција. Искористете ја и Вие да научите нешто што ќе ви вреди цел живот. EESTEC академијата постои како десерт во академскиот оброк, а за предавања на неа дефинитивно ќе се зборува допрва. Бидете црешата на шлагот!